# ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за

# Урбанистички проект за разработка на градежна парцела,со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување, на КП 34/1 и КП 34/2, од ЛУПД, КО Фалиште, општина Тетово

## ВОВЕД

Согласно барањата на инвеститорот на КП 34/1 и КП 34/2,КО Фалиште општина Тетово ,се изработува Урбанистички проект(УП) за за разработка на градежна парцела,со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување.

Целта на изработката на Урбанистичкиот проект е разработка на градежната парцела формирана со ЛУПД,со што ќе се создадат услови за реализација на планираната градба.

Основ за изработка на предметниот УП се одредбите на член 58 став 1 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр 32/20), согласно кој урбанистички проект е планско-проектна документација, што се изработува врз основ на урбанистичките планови од членот 10 став (1) точки 2,3,4 и 5 од овој закон и служи за нивна разработка и спроведување. Со урбанистичкиот проект се врши детално разработување на градежни парцели и на градежното земјиште за општа употреба за кои во урбанистичките планови се дадени детални одредби за градење и уредување на земјиштето.

## 1. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на овој УП во северниот дел проектниот опфат се граничи со постојан утабан пат што води кон полето ,додека од југоисточната страна со постојниот асфалтиран пат што води кон селото Фалиште,додека во југозападниот дел со КП33/5 додека од северозападната страна со КП 35/1.

Површината на проектниот опфат изнесува 6230.80м2=0.62ха и истиот е даден табеларно со детални точки со координати во X и Y правец.

| | x | y |
|---|---|---|
| 1 | 7524231.61 | 4653027.23 |
| 2 | 7524211.66 | 4653026.52 |
| 3 | 7524198.02 | 4653024.95 |
| 4 | 7524187.36 | 4653021.18 |
| 5 | 7524188.19 | 4653018.35 |
| 6 | 7524196.43 | 4652980.21 |
| 7 | 7524200.00 | 4652956.75 |
| 8 | 7524200.21 | 4652955.40 |
| 9 | 7524240.68 | 4652961.14 |

## 2. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Со изработка на Урбанистичкиот проект потребно е да се разработи градежната парцела ГП 1 формирана со ЛУПД.

За таа цел се истата согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр. 225/20, 219/21 и 104/2022 ) се дефинирана со класа на намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено сместување.

## 3. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

### 3.1. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајниот концепт да се преземе од ЛУПД-от ,односно како пристапен пат да се користи постојниот асфалтен општински пат.

Потребниот број на паркинг места да се обезбеди во рамките на градежната парцела, согласно член 134,став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање(“Сл.Весник на РМ бр.225/20, 219/21 и 104/22) според кој за градбите со класа на намена А4-Времен престој потребно е 1 паркинг место на 8 легла.Во конкретниот случај испланирани се вкупно 60 легла што значи потребни се 8 паркинг места,но дополнително обезбедени се уште 7,односно вкупно 15 паркинг места .

Во внатрешноста на опфатот да се реши динамичкиот и стационарниот сообраќај согласно релевантната законска и подзаконска регулатива.

### 3.2. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Со ЛУПД-то,испланирани се траси на сите инфраструктурни водови(водоводна,фекалана и атмосферска канализација) а со проектното решение да се предвиди приклучок кон истите а со претходна согласност од надлежните институции.

### 3.3. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Со ЛУПД-то испланирани се водови за електротехничка инфраструктура а со проектното решение да се предвиди приклучок кон истите а со претходна согласност од надлежната институција.

## 4.МЕТОДОЛОГИЈА

Урбанистичкиот проект да се изработи во склад со зададените услови со важечкиот ЛУПД како и со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 225/20, 219/21, 104/22).

Изработил:
Дипл.инж.арх. Елена Арсов

Digitally signed by Elena Arsov
DN: c=MK, serialNumber=179605, sn=Arsov, givenName=Elena, cn=Elena Arsov
Date: 2023.02.15 18:22:58 +01'00'

Инвеститор: Јакупи Менсур
Преку Полномошникот:
„ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ“ – Тетово
Директор,
Нермин Мустафи

Digitally signed by Nermin Mustafi
DN: c=MK, ou=VAT - 4028001127116, 2.5.4.97=NTRMK-5496713, o=PRO-INZhENERING DOO Tetovo, serialNumber=187676, title=upravitel, sn=Mustafi, givenName=Nermin, cn=Nermin Mustafi
Date: 2023.02.15 18:23:16 +01'00'